# ГЛАСИЛО
# GAZETË

Септември 2024
Shtator 2024



## ЗЕЛС

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## BNJVL

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT



Почитувани,

Во овој број на Гласило, ќе имате можност да прочитате за многу важни активности за ЗЕЛС и општините. Така, во август, премиерот Христијан Мицкоски и претседателот на ЗЕЛС Орце Ѓорѓиевски потпишаа Меморандум за соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и ЗЕЛС. Станува збор за потпишување на многу важен документ за единиците на локалната самоуправа, со кој и формално се потврдува партнерскиот однос меѓу ЗЕЛС и Владата на РСМ. Овој чин е израз на продолжување на континуитетот на досегашната соработка, што беше воспоставена уште со Меморандумот потпишан во 2003 година. Во новиот Меморандум за соработка меѓу Владата и ЗЕЛС, ревидирани се политиките за натамошно заедничко дејствување за јакнење на локалната самоуправа, односно дефинирани се формите и начините на идната соработка, како и приоритетите за развој на системот на локалната власт. Од поважните настани периодов е одржувањето на дваесет и втората седница на Управниот одбор на ЗЕЛС во Општина Кавадарци. Членовите на Управниот одбор, на оваа седница, донесоа одлука за донација на две користени возила на ЗЕЛС на општините Зрновци и Центар Жупа. Управниот одбор на ЗЕЛС разгледа две иницијативи пристигнати од Општина Центар и Општина Аеродром, при што УО даде позитивно мислење за иницијативата на Општина Центар за дополнување на Законот за комуналните дејности, и тоа во делот на изрекување на казни. Иницијативата од Општина Аеродром се однесуваше за зголемување на прекршочните одредби во Законот за јавна чистота и предвидување на можност за казна и водење постапка за одземање на возилото на сторителите на прекршоци од членот 14 и 14-а, кои оставаат стари предмети и смет од домаќинствата, фекални остатоци од домашни миленици, мртви животни, живина и птици во садови за отпад, фрлање и оставање на отпадоци од градежни материјали, градежен шут и слично.

Други содржини за кои ќе имате можност да прочитате се: одржувањето на повеќе конференции и работилници од важност за локалната самоуправа, од кои би ги издвоиле двете дебати како дел од кампањата „Сите заедно за професионална и квалитетна администрација", со претставници од општинската администрација и претставници од Министерството за јавна администрација во Скопје и во Општина Куманово. Темата на дискусијата „Идни заложби за добро управување и поефикасна јавна администрација" предизвика интерес кај општините, особено кај вработените во одделенијата за управување со човечки ресурси, кои се најзасегнати од имплементацијата на законите што се предмет на дискусија: Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за стручно усовршување и обука на административните службеници. Ќе може да прочитате повеќе и за другите настани од областа на управување со локалните патишта, водата за пиење и одведување на отпадните води, за младинските политики, социјалното мапирање во две општини и за други интересни содржини.

Со почит,

Душица Перишиќ,
извршен директор на ЗЕЛС

Të nderuar,

Në këtë numër të Gazetës do të keni mundësi të lexoni për shumë aktivitete të rëndësishme për BNJVL-në dhe komunat. Kështu, në muajin gusht, Kryeministri Hristijan Mickoski dhe kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski, nënshkruan Memorandum për bashkëpunim ndërmjet Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe BNJVL-së. Bëhet fjalë për nënshkrimin e një dokumenti shumë të rëndësishëm për njësitë e vetëqeverisjes lokale, me të cilin edhe zyrtarisht konfirmohet partneriteti ndërmjet BNJVL-së dhe Qeverisë së RMV-së. Ky akt është shprehje e vazhdimësisë së bashkëpunimit të deritanishëm, i cili është vendosur me Memorandumin e nënshkruar në vitin 2003. Në Memorandumin e ri për bashkëpunim ndërmjet Qeverisë dhe BNJVL-së, janë rishikuar politikat për veprim të mëtutjeshëm të përbashkët për forcimin e vetëqeverisjes lokale, gjegjësisht janë përcaktuar format dhe mënyrat e bashkëpunimit të ardhshëm, si dhe prioritetet për zhvillimin e sistemit të pushtetit lokal. Nga ngjarjet më të rëndësishme të kësaj periudhe është mbajtja e seancës së njëzet e dytë të Bordit drejtues të BNJVL-së në komunën e Kavadarit. Në këtë seancë, anëtarët e Bordit drejtues morën vendim për dhurimin e dy automjeteve të përdorura të BNJVL-së për komunat e Zërnocit dhe Qendrës Zhupë. Bordi drejtues i BNJVL-së shqyrtoi dy iniciativa të pranuara nga Komuna e Qendrës dhe Komuna e Aerodromit, kështu që Bordi drejtues dha mendim pozitiv për iniciativën e Komunës Qendër për plotësimin e Ligjit për veprimtari komunale, dhe atë në pjesën për shqiptimin e gjobave. Iniciativa e Komunës së Aerodromit kishte të bënte me rritjen e dispozitave kundërvajtëse në Ligjin për pastërtinë publike dhe parashikimin e mundësisë së dënimit dhe zhvillimit të procedurës për konfiskimin e automjetit të autorëve të veprave kundërvajtëse nga neni 14 dhe 14a, të cilët lënë sende të vjetra dhe mbeturina nga amvisëritë, mbetjet fekale të kafshëve shtëpiake, kafshëve të ngordhura, shpendëve dhe zogjve në kontejnerët e mbeturinave, hedhin dhe lënë mbeturina nga materialet e ndërtimit, mbeturinat e ndërtimit etj.

Përmbajtje të tjera për të cilat do të keni mundësi të lexoni është mbajtja e më shumë konferencave dhe punëtorive me rëndësi për vetëqeverisjen lokale, ndaj do të veçonim dy debatet në kuadër të fushatës "Të gjithë së bashku për administratë profesionale dhe cilësore" me përfaqësues nga administrata komunale dhe përfaqësues nga Ministria e Administratës Publike në Shkup dhe në Komunën e Kumanovës. Tema e diskutimit "Zotimet e ardhshme për qeverisje të mirë dhe administratë më efikase publike" shkaktoi interesim te komunat, veçanërisht te punonjësit në departamentet e menaxhimit të resurseve njerëzore të cilët janë më të prekur nga zbatimi i ligjeve që janë objekt diskutimi: Ligji për nëpunësit administrativë, Ligji për të punësuarit në sektorin publik dhe Ligji për përsosje profesionale dhe trajnim të nëpunësve administrativë. Do të mund të lexoni më shumë edhe për ngjarje të tjera në sferën e menaxhimit të rrugëve lokale, ujit të pijshëm dhe kullimit të ujërave të zeza, politikave rinore, hartëzimit sociale në dy komuna dhe përmbajtjeve të tjera interesante.

Me respekt,

Dushica Perishiq,
drejtor ekzekutiv i BNJVL-së


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
тел. +389 (0) 2 30 99 033, факс: +389 (0) 2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
**Извршен директор на ЗЕЛС:**
Душица Перишиќ
**Заменик извршен директор на ЗЕЛС:**
Ардита Дема-Мехмети
**Подготвила:**
Весна Арсовска-Динковска
**Превод:** Славе Чорбев
**Лекторирал:** Валентина Великова
**Дизајн и подготовка и печатење:** Европа 92

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
tel. +389 (0) 2 30 99 033, faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. „ Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32,
1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Dushica Perishiq
**Zëvendes drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Ardita Dema - Mehmeti
**Përgatiti:**
Vesna Arsovska - Dinkovska
**Përkthim:** Sllave Çorbev
**Lektoron:** Valentina Velikova
**Dizajnim dhe përgatitje dhe shtypje:** Evropa 92

## ОПШТИНИТЕ БЕЛЕЖАТ КОНТИНУИРАН НАПРЕДОК ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ЗАКОНОТ ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ

„Законот за младинско учество и младински политики, иако бележи континуиран напредок во имплементирањето на националните и локалните институции, сепак има потреба од соодветно надградување и подобрување. Локалните власти покажуваат поголема свесност за потребата од институционално вклучување на младите во креирањето локални политики и донесувањето одлуки од локално значење. Па така, спроведувањето на законските обврски, како: формирање на локални младински совети, воведување на младински службеник, креирање на младински стратегии и одвојување на најмалку 0,1 % од општинскиот буџет за оваа намена е во постојана нагорна линија во единиците на локалната самоуправа. Посебно внимание треба да се посвети на заживувањето на учеството на младите во руралните подрачја во земјата.“

Ова беше изнесено како дел од заклучокот од спроведениот мониторинг за имплементирање на Законот за младинско учество и младински политики за 2023 година, спроведен од Националниот младински совет на Македонија, кој воедно беше и организатор на конференцијата „Општините, пријатели на младите – младинското учество во фокус“ организирана на 12 август 2024 година, по повод Меѓународниот ден на младите. Конференцијата беше одржана во рамките на проектот „Заедници инклузивни за млади“ на која беа изнесени и низа практични искуства за младинското учество во општините, како и резултатите од одредени истражувања кои содржат насоки за подобрување на овие состојби.

На оваа конференција Општина Охрид беше прогласена за „Најпријателска општина за младите“ утврдено според Индексот на социјална вклученост на младите, што содржи стандардизирани методи за оценување на повеќе

## KOMUNAT SHËNOJNË PROGRES TË VAZHDUESHËM NË ZBATIMIN E LIGJIT PËR PJESËMARRJEN E TË RINJVE DHE POLITIKAT RINORE

-“Ligji për pjesëmarrjen e të rinjve dhe politikat rinore, edhe pse shënon progres të vazhdueshëm në zbatim nga ana e institucioneve kombëtare dhe lokale, megjithatë ka nevojë për përmirësim dhe plotësim adekuat. Autoritetet lokale tregojnë një ndërgjegjësim më të madh për nevojën e përfshirjes institucionale të të rinjve në krijimin e politikave lokale dhe marrjen e vendimeve me rëndësi lokale. Kështu, zbatimi i obligimeve ligjore, sikurse: formimi i këshillave rinore lokale, aplikimi i nëpunësit rinor, krijimi i strategjive rinore dhe ndarja e së paku 0.1% e buxhetit komunal për këtë qëllim është në një trend të vazhdueshëm rritës në njësitë e vetëqeverisjes lokale. Vëmendje e veçantë duhet t'i kushtohet ringjalljes së pjesëmarrjes së të rinjve në zonat rurale të vendit”.

Kjo u theksua si pjesë e konkluzionit të monitorimit të zbatuar për zbatimin e Ligjit për pjesëmarrjen e të rinjve dhe politikat rinore për vitin 2023, të zbatuar nga ana e Këshillit Nacional Rinor i Maqedonisë, i cili ishte edhe organizator i konferencës “Komunat mike të të rinjve - Pjesëmarrja e të rinjve në fokus”, të organizuar më 12 gusht 2024, me rastin e Ditës Ndërkombëtare të Rinisë. Konferenca u mbajt në kuadër të projektit “Komunitetet gjithëpërfshirëse për të rinjtë”, në të cilën u prezantuan një sërë përvojash praktike për pjesëmarrjen e të rinjve në komuna, si dhe rezultatet e hulumtimeve të caktuara që përmbajnë udhëzime për përmirësimin e këtyre gjendjeve.

Në këtë konferencë, Komuna e Ohrit u shpall “Komuna më miqësore për të rinjtë” e përcaktuar sipas Indeksit të përfshirjes sociale të të rinjve, i cili përmban metoda të standardizuara për vlerësimin e më shumë kritereve



критериуми во однос на информираноста и вклучувањето на младите во општествениот живот. Беше посочено дека десетина до 18 општини се на прилично слично ниво како Општина Охрид, во однос на исполнување на утврдените стандарди.

Примери за тоа како општините ги вклучуваат младите во општествените текови и за креирањето локални политики, изнесоа градоначалниците на Кисела Вода и на Крива Паланка, Орце Ѓорѓиевски и Сашко Митовски. Во Кисела Вода, на иницијатива на младите, отворена се библиотека и кино, им се дава поддршка на младите брачни парови и се субвенционираат младите спортисти, а се подготвува и објект што ќе претставува своевиден „бизнис инкубатор" преку кој ќе се обезбеди младите да добијат одреден финансиски стимул за отворање на сопствени бизниси. Како што впрочем, нагласи и градоначалникот Орце Ѓорѓиевски, Општина Кисела Вода гради политики за силна поддршка на младите и обезбедување на услови тие да останат во земјата и тука да го остварат својот потенцијал, а не да заминуваат надвор од државата. Слични активности и цели има и Општина Крива Паланка, каде градоначалникот Сашко Митовски посочи дека досегашната поддршка што општината им ја дава на младите дала резултат и со враќање на млади лица од странство, кои во својата татковина отвориле сопствен бизнис. Според Митовски, тоа покажало дека со заемна соработка, почитување на идеите и мислењата на младите, користење на нивните младешки идеи и ентузијазам, во општината се отвораат нови потенцијали за развој на туризмот во овој крај. Митовски нагласи дека Општината ги има формирано сите утврдени законски институции за поддршка на младите, донесена е и стратегија за млади, но, исто така, голема е и финансиската поддршка што Општината ја одвојува за оваа намена. Добри примери беа посочени и од општините Битола и Центар, а беа изнесени позитивни примери и од општините: Штип, Виница, Гевгелија и други. На конференцијата, за активностите на ЗЕЛС говореше заменик-директорката на ЗЕЛС, Ардита Дема-Мехмети, која посочи дека за лобирањето и реализацијата на низа проекти со општините, индиректно им се дава поддршка на младите за нивно поголемо вклучување во креирањето на сопствената иднина, овде во нивната татковина.

lidhur me informimin dhe përfshirjen e të rinjve në jetën shoqërore. U theksua se dhjetë deri në 18 komuna janë në nivel mjaft të ngjashëm me Komunën e Ohrit për sa i përket përmbushjes së standardeve të përcaktuara.

Kryetarët e komunave të Kisella Vodës dhe Kriva Pallankës, Orce Gjorgjievski dhe Sashko Mitovski, prezantuan shembuj se si komunat i përfshijnë të rinjtë në trendët shoqërorë dhe krijimin e politikave lokale. Në Kisella Vodë, me iniciativë të të rinjve është hapur biblioteka dhe kinemaja, jepet mbështetje për çiftet e reja martesore dhe subvencionohen sportistët e rinj dhe po përgatitet një objekt që do të përfaqësojë një lloj "inkubatori biznesi" përmes të cilit do të sigurohet që të rinjtë të marrin një stimul të caktuar financiar për hapjen e bizneseve të tyre. Siç theksoi kryetari Orce Gjorgjievski, Komuna e Kisella Vodës po ndërton politika për përkrahje të fuqishme të të rinjve dhe sigurimin e kushteve që ata të mbeten në vend dhe të realizojnë potencialin e tyre këtu, e jo të shkojnë jashtë vendit. Aktivitete dhe qëllime të ngjashme ka edhe komuna e Kriva Pallankës, ku kryetari Sashko Mitovski theksoi se përkrahja e deritanishme e komunës për të rinjtë ka dhënë rezultate me kthimin e personave të rinj nga jashtë, përsëri në vendlindjen e tyre ku kanë hapur bizneset e tyre. Sipas Mitovskit, kjo tregoi se me bashkëpunimin e ndërsjellë, respektimin e ideve dhe mendimeve të të rinjve, shfrytëzimin e ideve të tyre rinore dhe entuziazmin në komunë hapen potenciale të reja për zhvillimin e turizmit në këtë zonë. Mitovski theksoi se komuna i ka formuar të gjitha institucionet e përcaktuara me ligj për përkrahjen e të rinjve, është miratuar strategjia për të rinjtë, por edhe përkrahja financiare që komuna ndan për këtë qëllim është e madhe. Praktika të mira u prezantuan edhe nga komunat: Manastir dhe Qendër, ndërsa shembuj pozitivë kanë prezantuar edhe komunat: Shtip, Vinicë, Gjevgjeli dhe të tjera. Në konferencën për aktivitetet e BNJVL-së foli zëvendës-drejtoresha e BNJVL-së, Ardita Dema – Mehmeti, e cila theksoi se në sferën e lobimit dhe realizimit të një sërë projektesh me komunat, u jepet përkrahje në mënyrë indirekte të rinjve për përfshirjen e tyre më të madhe në krijimin e së ardhmes së tyre, këtu në atdheun e tyre.



# ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ЗЕЛС УЧЕСТВУВАА НА ПРЕЗЕНТАЦИЈАТА НА ПРЕДЛОГОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТА ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА, СО СРЕДСТВА ОД БЛОК ДОТАЦИИ

Претседателот на ЗЕЛС Орце Горѓиевски, воедно и градоначалник на Општина Кисела Вода, и претседателот на Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Ацо Ристов, кој е и градоначалник на Општина Радовиш, на покана од Министерството за социјална политика, демографија и млади учествуваа на работен состанок кој се одржа на 20 август 2024 година, во просториите на Клубот на пратеници, во Скопје, на кој беше презентиран предлогот за унапредување на системот за финансирање на дејноста за заштита на деца со средства од блок дотации. На состанокот учествуваа и заменик-министерот за социјална политика, демографија и млади, Ѓоко Велковски, како и претставници од Канцеларијата на Светска банка во нашата земја.

Како што беше изнесено на почетокот на презентацијата, целта е да се воведе нов, поефикасен систем за распределба на средствата за финансирање на дејноста за заштита на деца со средства од блок дотациите. Ова е всушност долгогодишно барање на ЗЕЛС, бидејќи општините се соочуваат со огромни финансиски предизвици при спроведувањето на оваа надлежност. Поточно, општините не добиваа ни приближно доволно финансиски средства преку блок дотациите за да ги вршат тековните активности за квалитетно спроведување на оваа надлежност, притоа масовно се соочува и со одбивање на барањата за вработување на потребните кадри (таканаречени согласности) и тоа не само за нови вработувања туку и при замена на лицата што одат во пензија или заминуваат од градинката по друга основа. Напротив, и овие средства им се намалуваа во блок дотациите, па општините се принудени од сопствени средства да плаќаат значителен број од вработените во градинките, што е во спротивност со Европската повелба за локална самоуправа. Општините се соочуваат и со недоволен број на вакви установи затоа што финансиските средства за капитални инвестиции се во надлежност на централната власт .

Изнесениот предлогот на Министерството за социјална политика, демографија и млади се заснова на анализите изработени од Здружението за истражување и анализи (ЗМАИ) и се

# PËRFAQËSUES NGA BNJVL-JA MORËN PJESË NË PREZANTIMIN E PROPOZIMIT PËR AVANCIMIN E SISTEMIT TË FINANCIMIT TË VEPRIMTARISË PËR MBROJTJEN E FËMIJËVE ME MJETE NGA BLLOK DOTACIONET

Kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski dhe kryetar i Komunës së Kisella Vodës, si dhe kryetari i Komisionit për ndjekjen e zhvillimit të sistemit për financimin e njësive të vetëqeverisjes lokale, Aco Rostov, i cili është edhe kryetar i Komunës së Radovishit, me ftesë të Ministrisë së Politikës Sociale, Demografisë dhe Rinisë morën pjesë në një takim pune që u mbajt më 20 gusht 2024 në hapësirat e Klubit të deputetëve, në Shkup, në të cilën u prezantua propozimi për avancimin e sistemit të financimit të veprimtarisë për mbrojtjen e fëmijëve me mjete nga bllok dotacionet. Në takim morën pjesë edhe Zëvendësministri për Politikë Sociale, Demografi dhe Rini, Gjoko Vellkovski, si dhe përfaqësues nga zyra e Bankës Botërore në vendin tonë.

Siç u theksua në fillim të prezantimit, qëllimi është të aplikohet një sistem i ri, më efikas për shpërndarjen e mjeteve për financimin e veprimtarisë për mbrojtjen e fëmijëve me mjete nga bllok dotacionet. Kjo në fakt është një kërkesë shumëvjeçare e BNJVL-së, sepse komunat ballafaqohen me sfida të mëdha financiare në zbatimin e kësaj kompetence. Më saktësisht, komunat nuk fitonin as përafërsisht mjete të mjaftueshme financiare nëpërmjet bllok dotacioneve për të kryer aktivitetet aktuale për zbatimin cilësor të kësaj kompetence. Ato gjithashtu ballafaqohen edhe me refuzimin masiv të kërkesave për punësim të kuadrove të nevojshme (të ashtuquajturat pajtime) dhe jo vetëm për punësime të reja, por edhe për zëvendësimin e personave që dalin në pension ose largohen nga kopshti i fëmijëve për arsye të tjera. Përkundrazi, edhe këto mjete u reduktuan në bllok dotacionet, kështu që komunat detyrohen të paguajnë me mjetet e tyre një numër të konsiderueshëm të punonjësve në kopshtet e fëmijëve, gjë që është në kundërshtim me Kartën Evropiane për Vetëqeverisjen Lokale. Komunat ballafaqohen edhe me një numër të pamjaftueshëm të institucioneve të këtilla për shkak se mjetet financiare për investime kapitale janë nën kompetencë të pushtetit qendror.

Propozimi i prezantuar i Ministrisë së Politikës Sociale, Demografisë dhe Rinisë bazohet në analizat e bëra nga ana e Shoqatës për hulumtim dhe analizë (ZMAI) dhe bazohet në financimin në bazë



темели на финансирање врз основа на трошок по дете, кој ќе биде пресметан однапред, а не според средствата што се предвидени во Буџетот на државата за оваа намена, како што беше досега. За секое дете со посебни потреби се обезбедува двојно повисока дотација од државата во соодветниот тип на градинка во однос на останатите деца, а се води грижа и за децата на самохраните родители коишто се корисници на гарантирана минимална помош. Основниот трошок по дете треба да биде финансиран од два извора: дотација од државата и партиципација од родителите, во сооднос 4 наспроти 1, односно околу 80 % од основниот трошок по дете да биде покриен од државата, а околу 20 % од партиципацијата на родителите. Во предлогот се содржани две компоненти: основна и развојна компонента. Основната компонента треба да го обезбеди минимумот потребен за покривање на трошоците на градинките во општината, а развојната компонента треба да биде дел од формулата за блок дотациите за детските градинки со цел воведување на механизам со кој Министерството ќе ги поттикне општините/детските градинки да се стремат кон поголем опфат на деца во предучилишното образование и намалување на јазот помеѓу фактичкиот број на запишани деца и бројот на деца кои активно присуствуваат со цел правилна оптимизација на трошоците. Во предлогот се пресметани и медијалните трошоци по дете во три типа на градинки: мала, средна и голема градинка. Врз основа на податоците што се користени како влезни податоци, се предлагаат три вида формули за утврдување на блок дотации за финансирање на детските градинки и тоа: формула базирана на историски влезни параметри; формула базирана на стандардизирани влезни параметри со нови коефициенти за големина на градинката и формула базирана на стандардизирани влезни параметри со историски коефициенти за големина на градинката.

Претставниците од ЗЕЛС ги поздравија заложбите на Министерството за воведување на нова, потранспарентна формула за распределба на овие средства за општините и посочија дека нејзината примена треба да започне што поскоро, односно веќе од следната година. Тие посочија дека утврдувањето на стандардизираните трошоци по дете во градинките, како основ за финансирање на оваа надлежност, е барање на ЗЕЛС и во претходниот период, но додадоа дека треба да се обезбеди и поголема децентрализираност на општините во менаџирањето со добиените средства и тоа не само во оваа област туку и во

të kostos për fëmijë, e cila do të llogaritet paraprakisht, e jo sipas mjeteve që parashikohen në Buxhetin e shtetit për këtë qëllim, siç ka qenë deri më tani. Për çdo fëmijë me nevoja të veçanta sigurohet dotacion dyfishtë më të lartë nga shteti në llojin përkatës të kopshtit të fëmijëve në raport me fëmijët e tjerë, ndërsa bëhet kujdes edhe për fëmijët e prindërve të vetëm që janë përfitues të asistencës së garantuar minimale. Kostoja bazë për fëmijë duhet të financohet nga dy burime: dotacioni nga shteti dhe participimi nga prindërit, në korrelacion 4 kundrejt 1, gjegjësisht rreth 80% e kostos bazë për fëmijë të mbulohet nga shteti, ndërsa rreth 20% nga participimi e prindërve. Propozimi përmban dy komponentë: komponentin bazë dhe komponentin zhvillimor. Komponenti bazë duhet të sigurojë minimumin e nevojshëm për mbulimin e shpenzimeve të kopshteve të fëmijëve në komunë, ndërsa komponenti zhvillimor duhet të jetë pjesë e formulës për bllok dotacionet për kopshtet e fëmijëve me qëllim të aplikohet një mekanizëm me të cilin Ministria do t'i inkurajojë komunat/kopshtet e fëmijëve që të synojnë për përfshirje më të madhe të fëmijëve në arsimin parashkollor dhe zvogëlimin e hendekut midis numrit faktik të fëmijëve të regjistruar dhe numrit të fëmijëve që janë prezentë në mënyrë aktive me qëllim që të optimizohen kostot siç duhet. Në propozim llogariten edhe kostot mesatare për fëmijë në tre lloje kopshtesh të fëmijëve: kopsht i vogël, i mesëm dhe i madh. Në bazë të të dhënave të përdorura si të dhëna hyrëse, propozohen tre lloje formulash për përcaktimin e bllok dotacioneve për financimin e kopshteve të fëmijëve, përkatësisht: Formula e bazuar në parametrat hyrës historikë; Formula e bazuar në parametrat e standardizuar hyrës me koeficiente të reja për madhësinë e kopshtit të fëmijëve dhe Formula e bazuar në parametra të standardizuar hyrës me koeficiente historike për madhësinë e kopshtit të fëmijëve.

Përfaqësuesit e BNJVL-së i përshëndetën përpjekjet e Ministrisë për aplikimin e një formule të re, më transparente për shpërndarjen e këtyre mjeteve për komunat dhe theksuan se aplikimi i saj duhet të fillojë sa më shpejt, përkatësisht nga viti i ardhshëm. Ata theksuan se përcaktimi i shpenzimeve të standardizuara për fëmijë në kopshtet e fëmijëve, si bazë për financimin e kësaj kompetence ishte kërkesë e BNJVL-së edhe në periudhën paraprake, por shtuan se duhet të sigurohet decentralizim më i madh i komunave në menaxhimin e mjeteve të fituara dhe jo vetëm në këtë sferë, por edhe në kompetencat e tjera, ndërsa



останатите надлежности, додека добивањето согласности за вработување на потребниот кадар треба да биде надминато еднаш засекогаш. Беше нагласено дека оваа предлог-формула треба да ја разгледаат сите единици на локалната самоуправа, како и телата и органите на ЗЕЛС, по што ќе следуваат и соодветни заклучоци. Претставниците од Министерството за социјална политика, демографија и млади се согласија со изнесениот став на ЗЕЛС за потребата од промени во распределбата на средства за финансирање на оваа надлежност на општините. Исто така, најавија дека планираат итни средби со претставниците од Министерството за финансии, а оваа предлог-формула ќе биде изнесена за дискусија и со други тела, меѓу кои и со Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, каде што мнозинството членови се од редовите на локалната власт.

marrja e pajtimeve për punësimin e kuadrove të nevojshme duhet të tejkalohet njëherë e përgjithmonë. U theksua se këtë propozim-formulë duhet ta shqyrtojnë të gjitha njësitë e vetëqeverisjes lokale, si dhe trupat dhe organet e BNJVL-së, e pastaj do të vijojnë konkluzionet përkatëse. Edhe përfaqësuesit e Ministrisë për Politikë Sociale, Demografi dhe Rini u pajtuan me qëndrimin e shprehur të BNJVL-së për nevojën për ndryshime në shpërndarjen e mjeteve për financimin e kësaj kompetence të komunave dhe se planifikojnë takime urgjente me përfaqësuesit e Ministrisë së Financave, ndërsa do t'u prezantohet për diskutim edhe trupave të tjerë, duke përfshirë edhe Komisionin për ndjekjen e zhvillimit të sistemit të financimit të njësive të vetëqeverisjes lokale, ku shumica e anëtarëve janë nga radhët e pushtetit lokal.

## ЗЕЛС И ВЛАДАТА ПОТПИШАА НОВ МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Премиерот Христијан Мицкоски и претседателот на ЗЕЛС Орце Ѓорѓиевски, на 13 август 2024 година, потпишаа нов Меморандум за соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и ЗЕЛС. На свечениот чин што се одржа во административните простории на извршната власт присуствуваа повеќе градоначалници, членови на Управниот одбор на ЗЕЛС.

Станува збор за потпишување на многу важен документ за единиците на локалната самоуправа, со кој и формално се потврдува партнерскиот однос меѓу ЗЕЛС и Владата на РСМ. Овој чин е израз на продолжување на континуитетот на досегашната соработка, што беше воспоставена уште со Меморандумот потпишан во 2003 година, односно пред 21 година. Во новиот Меморандум за соработка меѓу Владата и ЗЕЛС се ревидирани политиките на натамошно заедничко дејствување за јакнење на локалната самоуправа, односно, дефинирани се формите и начините на идната соработка, како и приоритетите за развој на системот на локалната власт. Со Меморандумот, Владата и ЗЕЛС заеднички ја изразуваат својата согласност и определба да спроведат поголем обем на децентрализација на власта и јакнење на финансиската

## BNJVL-JA DHE QEVERIA NËNSHKRUAN MEMORANDUM TË RI PËR BASHKËPUNIM

Kryeministri Hristijan Mickoski dhe kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski, sot, më 13 gusht 2024, nënshkruan Memorandumin e ri për bashkëpunim ndërmjet Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe BNJVL-së. Në aktin solemn që u mbajt në hapësirat administrative të pushtetit ekzekutiv morën pjesë më shumë kryetarë komunash, anëtarë të Bordit drejtues të BNJVL-së.

Bëhet fjalë për nënshkrimin e një dokumenti shumë të rëndësishëm për njësitë e vetëqeverisjes lokale me të cilin edhe zyrtarisht konfirmohet marrëdhënia partnere ndërmjet BNJVL-së dhe Qeverisë së RMV-së. Ky akt është shprehje e vazhdimësisë së bashkëpunimit të deritanishëm, i cili ishte vendosur me Memorandumin e nënshkruar në vitin 2003, respektivisht 21 vjet më parë. Në Memorandumin e ri për bashkëpunim ndërmjet Qeverisë dhe BNJVL-së janë rishikuar politikat e veprimit të mëtejshëm të përbashkët për forcimin e vetëqeverisjes lokale, gjegjësisht janë definuar format dhe mënyrat e bashkëpunimit të ardhshëm, si dhe prioritetet për zhvillimin e sistemit të pushtetit lokal. Me Memorandumin, Qeveria dhe BNJVL-ja së bashku shprehin pajtimin dhe vendosmërinë e tyre për realizimin e një shkalle më të madhe të decentralizimit të pushtetit dhe forcimit



стабилност на единиците на локалната самоуправа. Двете страни се обврзуваат да се придржуваат кон воспоставувањето практика на одржување редовни заеднички седници, на кои ќе се вршат консултации за прогресот на децентрализацијата и за тековните приоритетни прашања од локално значење, со што ќе се обезбеди поголема ефикасност во укажувањето на предизвиците со кои се соочуваат општините. Ќе се организираат годишни буџетски преговори меѓу ЗЕЛС и Министерството за финансии, каде на транспарентен начин ќе се усогласуваат ставовите, потребите и можностите на централната и на локалната власт. Притоа и општините се обврзуваат дека во целост ќе ги исполнат своите обврски и дека ажурно ќе ги собираат своите даноци.

„Од името на ЗЕЛС, сакам да изразам длабока благодарност до Владата на РСМ и до премиерот Христијан Мицкоски за подадената рака кон општините и решеноста за потпишување на Меморандум за соработка со кој се отвора новото поглавје во односите меѓу локалната и централната власт. Новиот Меморандум е израз на подготвеност за заедничко јакнење на системот на локалната самоуправа во нашата држава, обезбедување на квалитетни услуги за граѓаните, стабилни и независни единици на локалната самоуправа. Во изминатите неколку години, со претходната Влада не ни успеаја обидите за потпишување на овој Меморандум, а и соработката не беше на потребното ниво, затоа сметам дека со заемна кооперативност од двете страни сега ќе имаме успешна и плодотворна соработка меѓу локалната и централната власт". Ова пред присутните го истакна претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, по потпишувањето на Меморандумот.

Премиерот Христијан Мицкоски, пак, истакна дека она што им го ветува на општините и во иднина ќе го исполнува во целост, посочувајќи на ветувањето за склучување на овој Меморандум, но и за ветувањето за обезбедување финансиски средства за поддршка за реализација на капитални проекти од страна на општините. „...Некаде до 10 септември 2024 година очекувам да го објавиме јавниот повик до сите општини за аплицирање со проекти за добивање на средства за изградба на улици, патишта, канализации, градинки и други капитални објекти за што обезбедивме од буџетот финансиска поддршка од околу 100 милиони евра. Веќе работиме на анализа за издвојување на уште поголема сума во следниот буџет, за да можеме веќе во јануари да објавиме нов повик со што реализацијата на проектите за капитални инвестиции ќе може да бидат започнати во март. Затоа апелирам до сите општини, да се фокусираат и да подготвуваат што поголем број на проекти за да може да им се излезе во пресрет на потребите на нашите граѓани", посочи претседателот на Владата на РСМ, Христијан Мицкоски. Притоа, тој додаде дека со новите предложени измени на

të stabilitetit financiar të njësive të vetëqeverisjes lokale. Të dyja palët obligohen që t'i përmbahen vendosjes së praktikës së mbajtjes së seancave të rregullta të përbashkëta, në të cilat do të bëhen konsultime për progresin e decentralizimit dhe për çështjet aktuale prioritare me rëndësi lokale, duke siguruar kështu efikasitet më të madh në evidentimin e sfidave me të cilat ballafaqohen komunat. Ndërmjet BNJVL-së dhe Ministrisë së Financave do të organizohen negociata buxhetore vjetore, ku në mënyrë transparente do të harmonizohen qëndrimet, nevojat dhe mundësitë e pushtetit qendror dhe atij lokal. Në të njëjtën kohë, komunat obligohen se do t'i përmbushin tërësisht detyrimet e tyre dhe se do t'i mbledhin taksat e tyre me kohë.

-"Në emër të BNJVL-së, dua të shpreh falënderimin tim të thellë për Qeverinë e RMV-së dhe Kryeministrin Hristijan Mickoski për dorën e shtrirë ndaj komunave dhe vendosmërinë për nënshkrimin e Memorandumit për bashkëpunim me të cilin hapet një kapitull i ri në marrëdhëniet ndërmjet pushtetit lokal dhe atij qendror. Memorandumi i ri është shprehje e gatishmërisë për forcimin e përbashkët të sistemit të vetëqeverisjes lokale në vendin tonë, sigurimin e shërbimeve cilësore për qytetarët dhe njësive të qëndrueshme dhe të pavarura të vetëqeverisjes lokale. Në disa vitet e kaluara, me Qeverinë e mëparshme, përpjekjet tona për nënshkrimin e këtij memorandumi nuk patën sukses dhe bashkëpunimi nuk ishte në nivelin e duhur, prandaj konsideroj se me bashkëpunim të ndërsjellë nga të dyja palët, tani do të kemi bashkëpunim të suksesshëm dhe të frytshëm mes pushtetit lokal dhe atij qendror". Këtë para të pranishmëve e theksoi kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski, pas nënshkrimit të Memorandumit.

Kryeministri Hristijan Mickoski, nga ana tjetër, theksoi se atë që ua premton komunave do ta realizojë edhe në të ardhmen në tërësi, duke theksuar premtimin për nënshkrimin e këtij memorandumi, por edhe premtimin për sigurimin e mjeteve financiare për të mbështetur realizimin e projekteve kapitale nga ana e komunave. – "Diku deri më 10 shtator 2024, po pres të shpallim thirrjen publike për të gjitha komunat për të aplikuar me projekte për të fituar mjete për ndërtimin e rrugëve, udhëve, kanalizimeve, kopshteve të fëmijëve dhe objekteve të tjera kapitale, për të cilat kemi siguruar mbështetje financiare nga Buxheti prej rreth 100 milionë Eurosh. Tashmë po punojmë në një analizë për ndarjen e një shume edhe më të madhe në Buxhetin e ardhshëm në mënyrë që në janar të shpallim një thirrje të re me të cilën në muajin mars do të fillojë realizimi i projekteve për investime kapitale. Prandaj apeloj që të gjitha komunat të fokusohen dhe të përgatisin sa më shumë projekte që të mund t'i plotësojmë nevojat e qytetarëve tanë", tha kryetari i Qeverisë së RMV-së, Hristijan Mickoski. Në të njëjtën kohë, ai shtoi se me ndryshimet e reja të propozuara në Ligjin për planifikim urbanistik do t'u mundësohet komunave që





Законот за урбанистичко планирање, на општините ќе им се овозможи побрзо и поефикасно дејствување и обезбедување на планска документација за добивање на одобрение за градба на јавните објекти. На крајот од своето обраќање, премиерот на РСМ изрази надеж дека ќе се залага во иднина да се реализираат во што поголем број вакви и слични средби меѓу ЗЕЛС и Владата.

## ДВАЕСЕТ И ВТОРА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС

Во просториите на Општина Кавадарци, на 10.9.2024 г., се одржа дваесет и втората седница на Управниот одбор на ЗЕЛС. Членовите на Управниот одбор, на оваа седница, донесоа одлука за донација на две користени возила на ЗЕЛС на општините Зрновци и Центар Жупа, согласно со предлогот на Комисијата за распределба на две користени возила на ЗЕЛС, врз основа на утврдени критериуми како што се: да немаат заостанат долг за членарина кон ЗЕЛС, да не припаѓаат на Скопскиот Плански Регион, да имаат реална потреба од возило што ќе се утврди со бројот на возила кој во моментот го има во своја сопственост и согласно со бројот на жители на општината, односно, да не надминува 10 000 жители според последниот спроведен попис.

Управниот одбор на ЗЕЛС даде позитивно мислење за иницијативата на Општина Центар за дополнување на Законот за комуналните дејности, и тоа во делот на изрекување казни, односно прекршочни платни налози, кога ќе се констатираат неправилности, сторени прекршоци на одредбите од законот. Слична иницијатива беше доставена и од Општина Аеродром, каде се бара можност за зголемување на прекршочните одредби во Законот за јавна чистота и предвидување на можност за водење постапка за одземање на возилото на сторителите на прекршоци од членот 14 и 14-а, кои оставаат стари предмети и смет од домаќинствата, фекални остатоци од домашни миленици, мртви животни, живина и птици во садови за отпад, фрлање и оставање на отпадоци од градежни материјали, градежен шут и слично. И двете иницијативи беа прифатени и ќе бидат доставени до ресорните министерства и до Владата.

Градоначалникот на Радовиш, Ацо Ристов, кој и досега беше член, е избран да продолжи да биде член, а потпретседателот на ЗЕЛС, градоначалникот на Валандово, Перо Костадинов, е избран за негов заменик. Тие, како претставници на ЗЕЛС, ќе бидат членови на АРЛЕМ – Локално и регионално собрание на ЕВРО-МЕДИТЕРАНОТ.

На седницата се дискутираше и за други прашања од важност за општините. Доцнењето со префрлање средства од ЈПДП е загрижувачко, и општините бараат нивно итно

të veprojnë në mënyrë më të shpejtë dhe më efikase dhe të sigurojnë dokumentacion planifikues për marrjen e miratimit për ndërtimin e objekteve publike. Në fund të fjalimit të tij, kryeministri i RMV-së shprehu shpresën se në të ardhmen do të zotohet për realizimin e sa më shumë takimeve të tilla dhe të ngjashme ndërmjet BNJVL-së dhe Qeverisë.

## SEANCA E NJËZET E DYTË E BORDIT DREJTUES TË BNJVL-SË

Në hapësirat e Komunës së Kavadarit, më 10 shtator 2024, u mbajt seanca e njëzet e dytë e Bordit Drejtues të BNJVL-së. Anëtarët e Bordit Drejtues në këtë seancë morën vendim për dhurimin e dy automjeteve të përdorura të BNJVL-së për komunat e Zërnovcit dhe Qendrës Zhupë, në përputhje me propozimin e Komisionit për shpërndarjen e dy automjeteve të përdorura të BNJVL-së, në bazë të kritereve si vijojnë: të mos kenë detyrime të prapambetura në bazë të anëtarësisë ndaj BNJVL-së, të mos i përkasin rajonit planifikues të Shkupit, të kenë nevojë reale për automjet që do të përcaktohet nga numri i automjeteve që aktualisht i posedojnë dhe sipas numrit të banorëve të komunës, gjegjësisht jo më shumë se 10.000 banorë sipas regjistrimit të fundit të kryer.

Bordi Drejtues i BNJVL-së dha pëlqim për iniciativën e komunës Qendër për plotësimin e Ligjit për veprimtari komunale, në pjesën e dënimeve me gjobë, gjegjësisht urdhërpagesë për kundërvajtje kur do të konstatohen parregullsi, përkatësisht nëse janë bërë shkelje të dispozitave të ligjit. Iniciativë të ngjashme ka paraqitur edhe Komuna e Aerodromit, për rishikimin e mundësisë së rritjes së dispozitave kundërvajtëse në Ligjin për pastërtinë publike dhe parashikimit të mundësisë së zhvillimit të procedurës për konfiskimin e automjetit të kryerësve të kundërvajtjeve nga neni 14 dhe 14a, të cilët hedhin sende të vjetra dhe mbeturina nga shtëpitë, mbetjet fekale të kafshëve shtëpiake, kafshët e ngordhura, shpendët dhe zogjtë në kontejnerët e mbeturinave, hedhin dhe lënë mbeturina nga materialet e ndërtimit dhe mbeturinat e ndërtimit etj. Të dyja nismat u pranuan dhe do t'u dërgohen ministrive përkatëse dhe qeverisë.

Kryetari i Komunës së Radovishit, Aco Ristov, i cili edhe deri më tani ishte anëtar, u zgjodh të vazhdojë të jetë anëtar, ndërsa nënkryetari i BNJVL-së dhe kryetar i komunës së Vallandovës, Pero Kostadinov, u zgjodh për zëvendës të tij. Ata si përfaqësues të BNJVL-së do të jenë anëtarë të ARLEM - Kuvendit Lokal dhe Rajonal të EVRO-MEDITERANIT.

Në seancë u diskutua edhe për çështje të tjera me rëndësi për komunat. Shqetësuese është vonesa në transferimin e mjeteve nga Ndërmarrja publike për rrugët shtetërore, komunat









